# ИСТРАЖУВАЊЕ

***за ставовите на наставниците***
***за воведување на ССО***
***во основното образование***
***пред и по пилотирањето на програмата***



ХЕРА

A Member Association of
IPPF
International Planned Parenthood Federation
European Network

***Издание на***
ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

***Уредник***
Бојан Јовановски – ХЕРА

***Автори***
Николина Кениг - Филозофски факултет, Институт за психологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“– Скопје
Ајше Ајрулаи - Биро за развој на образованието – Скопје

***Лектура***
Виолета Танчева-Златева

***Графичко уредување***
Бисера Крцковска

***Место и година на издавање***
Скопје, 2023

*CIP - Каталогизација во публикација*
*Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје*

*613.88:[373.3.011.3-051:316.65(497.7)(047.31)*
*373.3.015:613.88(497.7)(047.31)*

*КЕНИГ, Николина*
*Истражување за ставовите на наставниците за воведување на ССО во основното образование пред и по пилотирањето на програмата [Електронски извор] / [автори Николина Кениг, Ајше Ајрулаи]. - Скопје : Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА, 2023*

*Начин на пристапување (URL):*
*https://hera.org.mk/SSO-pilotiranje-stavovi-na-nastavnici. - Текст во ПДФ формат, содржи 30 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 02.05.2023*

*ISBN 978-608-4859-65-9*

*1. Ајрулаи, Ајше [автор]*
*а) Сексуално образование -- Основни училишта -- Ставови -- Наставници -- Македонија -- Истражувања*

*COBISS.MK-ID 60210181*

# Содржина


| | |
|---|---|
| ***4*** | ***Резиме*** |
| ***6*** | ***Вовед*** |
| 7 | Кус осврт на активностите за воведување Сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалното образование во нашата земја |
| 8 | Цел на истражувањето |
| ***10*** | ***Други релевантни истражувања*** |
| ***12*** | ***Метод*** |
| 12 | Инструмент |
| 13 | Постапка |
| ***14*** | ***Резултати*** |
| 14 | Перцепција на потребата за вклучување теми од сексуалноста во наставата |
| 17 | Перцепција на важноста на теми од сексуалноста во наставата |
| 19 | Мотивираност на наставниците да се вклучат во ССО |
| 22 | Перципирани пречки за успешна реализација на предметот ССО во училиштата |
| 23 | Личен осврт на наставниците кон воведување ССО во училиштата |
| ***29*** | ***Заклучоци*** |

# Резиме

Имајќи ги предвид позитивните ефекти од воведувањето на сексуалното образование во формалното образование врз здравјето на младите, на кои се укажува во бројни емпириски студии од различни земји, Министерството за образование и наука го поддржа воведувањето на Сеопфатното сексуално образование како изборен предмет во основните училишта во нашата земја. Во врска со оваа иницијатива, во 2019 година ХЕРА спроведе истражување за ставот на родителите, за важноста на носечките теми кои го сочинуваат овој вид образование за децата, како и за тоа дали тие би сакале истите да бидат дел од формалното образование. Една година подоцна, сличната методологија беше употребена за да се добие увид и во ставовите и перцепциите на наставниците кои држат настава на македонски и на албански наставен јазик и на соработниците од стручните служби во сите основни училишта во Македонија. Наодите од двете истражувања јасно покажаа дека огромното мнозинство родители и наставници сметаат дека содржините се мошне важни, па следствено на тоа, го поддржуваат нивното воведување во формалната едукација на тинејџерите.

Оваа емпириска студија  има за цел да ги идентификува потенцијалните промени во ставовите на наставниците и нивните соработници од стручните служби, во однос на важноста на содржините за сексуално образование, нивната подготвеност и мотивите да спроведуваат ваков вид настава, како и нивната перцепција за потенцијалните пречки за негова реализација, кои би можеле да се случат во период од две години. Изборот на временското растојание од две години е во релација со зачестените јавни дискусии поврзани со оваа тема кои се одвиваа во тој период, а уште поважно, заради спроведувањето на пилот-програмата по Сеопфатно сексуално образование (ССО) во избрани училишта во земјата.

Прашалникот од четири дела, со кој се собираа податоците, во двата наврата на истражување беше дистрибуиран со поддршка на Бирото за развој на образованието. Одговарањето се одвиваше во февруари 2022 година, по електронски пат, со доброволно и анонимно учество. Учество во истражувањето зедоа 1.052 наставници, односно стручни соработници (77,6 % жени) од основните училишта низ целата земја, а од вкупниот број 82,7 % предаваат во училишта каде што се изведува настава на македонски јазик, односно 17,3 %, во училишта каде што наставен јазик е албанскиот.

1/ *Првичните наоди од истражувањето беа претставени на меѓународната научна конференција Педагогија 75 научна конференција – „Воспитно-образовни предизвици и перспективи“, одржана во мај 2022 година, во Охрид*

Со оглед на тоа дека главен интерес беше прашањето какви се промените на ставовите на наставниците кон воведување Сеопфатно сексуално образование од 2020 до 2022 година, резултатите од ова истражување се прикажани, главно, како компаративни на истражувањето кое со истата популација беше спроведено во 2020 година. Најопштиот заклучок што произлезе од анализата на податоците е дека меѓу наставниците и вработените во стручните служби во основните училишта преовладува афирмативен став кон потребата за воведување формална настава за сексуално образование. Резултатите уште еднаш потврдија дека нема тема која повеќе се отфрла отколку што се прифаќа како важна за тинејџерите, иако сите теми не се перципираат како еднакво важни. Сепак, иако ставовите на наставниците се многу поафирмативни отколку негативни, споредувањето на квантитативните податоци покажува дека се забележува благо опаѓање на процентот на оние кои сметаат дека наведените содржини се важни, а паралелно на тоа, за неколку теми опаѓа и просечната оценка за тоа колку се важни за информираноста и развојот на ставови и вредности кај децата. Паралелно со ова, може да се забележи и ист таков пад во подготвеноста на наставниците и на стручните соработници да бидат обучувани и да спроведуваат настава по Сеопфатно сексуално образование. Мотивацијата на наставниците и соработниците кои би сакале да спроведуваат настава по ССО се потпира, главно, на нивниот став дека темите се многу важни за учениците и дека кај нив ќе има голема заинтересираност за ваквиот вид настава. Најголемиот дел од оние кои не би сакале, тврдат дека овие теми не се за возраст од 12 до 14 години.

Слично како и во претходното истражување, наставниците и стручните соработници кои учествуваа во истражувањето, бариерите за успешна реализација на ССО ги лоцираат главно во фактори надвор од училиштето, пред сè, во неподготвеноста или отпорот на заедницата и на родителите да прифатат систематска едукација на тинејџерите во сферата на сексуалноста.

Иако постојат мноштво гледишта искажани на отвореното прашање во врска со личниот став кон ССО, анализата на овие квалитативни податоци сугерира дека кај наставниците кои не даваат поддршка преовладуваат две гледишта – ставот дека сексуалното образование е задача на родителите, како и уверувањето дека почетокот на тинејџерството е возраст кога е рано да се добиваат информации од сферата на сексуалноста. Наставниците и стручните соработници кои имаат афирмативен став се поедногласни во образложенијата на тоа зошто поддржуваат воведување на ССО, а нивното мислење се потпира, главно, на гледањето на овие содржини како многу корисни за учениците.

# Вовед

Во рамки на формалното школување, во многу држави се воведени различни форми на сексуално образование, а расте и бројот на земји кои во последниве години ги прифаќаат препораките на УНЕСКО и на другите агенции на ОН за сеопфатен курикулум за едукација на младите во сферата на сексуалноста[2]. Така, на пример, во Англија, во 2020 година, врз основа на статутарна одредба од Министерството за образование, а по остварените консултации со јавноста и експертите, содржини од сферата на сексуалноста се внесени како задолжителни и во основното образование и во средното образование[3].

Во Тунис, во обидите за намалување на распространетото сексуално насилство, Министерството за образование, во 2019 година, побара воведување задолжителни содржини од областа на сексуалното образование за сите ученици од 5 до 18 години и назначи кадри за да помогнат во овие напори[4].

Според податоците што се на располагање, од 123 земји вклучени во меѓународните студии за имплементација на содржини од сексуалното образование, повеќе од половината, односно 85, соопштуваат дека релевантни теми од сферата на сексуалноста се застапени во нивните национални наставни програми, или како содржини вградени низ различни предмети или како самостоен предмет[5]. Темите што се опфатени во овие курикулуми варираат во обем и во длабочина, заедно со возрастите во кои тие им се нудат на младите. Како примери за најдобри практики, од аспект на континуитет, широчина и квалитет на имплементација, најчесто споменувани модели се тие во Естонија, Германија, Холандија и Шведска. За нив е особено важно дека се проследени со темелни анализи на ефектите, кои јасно зборуваат за тоа дека реализацијата на овој вид образование помага во редукцијата на сексуално преносливи инфекции[6], прерано влегување во сексуални односи, намалување на бројот на малолетнички бремености[7], како и на насилството во интимните врски, вклучувајќи го сексуалното[8].

---

2/ *UNESCO (2021). The journey towards comprehensive sexuality education: Global status report. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (UNESCO)*

3/ *Relationships and Sex Education in Schools (England) - House of Commons Library (parliament.uk)*

4/ *Tunisia Becomes First & Only Arab Country to Introduce Sex Education (carthagemagazine.com)*

5/ *UNAIDS Unified Budget, Results and Accountability Framework (2016-21); Ketting & Ivanova (2018). Survey on Sexuality Education in Europe and Central Asia, IPPF; UNFPA (2021). LEARN. PROTECT.RESPECT.EMPOWER. The status of comprehensive sexuality education in Asia and the Pacific, UNFPA, UNESCO & IPPF*

## *Кус осврт на активностите за воведување Сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалното образование во нашата земја*

Во 2018 година, речиси една деценија по усвојувањето на Рамката за сексуално образование[9] која служи како појдовен документ за потребата и начинот на кој би требало да се спроведе овој вид едукација во земјата, од страна на Бирото за развој на образованието (БРО) е донесено Решение за формирање на работна група чија обврска е да подготви предлог до Министерството за образование и наука за тоа кој би бил најдобар модел за реализација на Сеопфатно сексуално образование за основното и средното образование. Врз основа на исцрпни дискусии, втемелени на досегашните искуства во други земји, како и на искуствата и потребите во домашен контекст, оваа работна група донесе препораки за оптималниот возрасен опсег и методологијата на настава, се произнесе за тоа дали е посоодветно содржините да се реализираат во рамки на самостоен предмет или да се вградат во неколку веќе постојни предмети и дали да се изучуваат преку задолжителен или преку изборен предмет, и предложи како да се избираат и да се обучуваат наставниците кои би го спроведувале.

Во наставниот план на Концепцијата за основно образование усвоена во 2021 година, предметот (со работен назив) Сеопфатно сексуално образование е посочен како пример на слободен изборен предмет. Ова значи дека само оние ученици кои изразиле желба, а добиле дозвола од родителите/старателите, може да бидат вклучени во наставата, додека за останатите не е задолжителен. Во текот на 2020/21, врз основа на најновите препораки на UNESCO[10], беше изработена и културално, односно возрасно адаптирана предлог-наставна програма, која БРО ја усвои како иницијална програма за изведување на пилот-настава со ученици од 9. одделение во учебната 2021/22.

---

6/ *Haberland N. and Rogow D. 2015. Sexuality education: Emerging trends in evidence and practice. Journal of Adolescent Health, 56(1), 15-21. [e-journal] Достапно на: <http://dx.doi.org/10.1016/j.jadohealth.2014.08.013>*

7/ *Kivela, J., Haldre, K., & Part, K., Ketting, E. & Baltussen, R. (2014). Impact and cost-effectiveness analysis of the national school-based seXuality education programme in Estonia. Sex Education. 14/1, 1-13. 10.1080/14681811.2013.813386. Достапно на: <https://www.researchgate.net/profile/Evert-Ketting/publication/263175817_Impact_and_cost-effectiveness_analysis_of_the_national_school-based_sexuality_education_programme_in_Estonia/links/54184c0d0cf2218008bf3448/Impact-and-cost-effectiveness-analysis-of-the-national-school-based-sexuality-education-programme-in-Estonia.pdf?origin=publication_detail>*

8/ *Comprehensive sexuality education - factsheet series. (2020). UNFPA, WHO & BZgA. Достапно на: <https://eeca.unfpa.org/sites/default/files/pub-pdf/unfpa_turkey_factsheet_all_-_who_web_r4.pdf>*

9/ *Достапна на: <https://hera.org.mk/ramka-za-seopfatno-seksualno-obrazov-2/>*

10/ *UNESCO (2018). International technical guidance on sexuality education: an evidence-informed approach, Paris: UNESCO, Достапно на: <https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000260770>*

Наставата во рамките на пилот-програмата беше реализирана, пред сè, заради потребата да се евалуира програмата и нејзините ефекти, односно за да се обезбедат искуства што ќе придонесат за подобрување на програмата, на наставните материјали и на препорачаната методологија на настава. Пилотирањето се спроведуваше во три селектирани основни училишта, две од урбана и едно од рурална средина, со ученици кои со дозвола на родителите доброволно присуствуваа на часовите по Сеопфатно сексуално образование. Пред тоа, во 2021 година, беше комплетирана неколкудневна обука на наставници, кои исто така врз доброволна основа се вклучија во обуката и во реализацијата на пилот-програмата. Настава во рамките на пилотирањето се одвиваше во првото полугодие, од октомври до декември 2021 година, како воннаставна активност.

## *Цел на истражувањето*

За да се обезбеди увид во перцепциите и ставот на родителите и на наставниците за воведување на наставни содржини, односно изборен предмет во основното образование, засновано врз моделот на Сеопфатно сексуално образование (ССО)[11] кој го препорачуваат релевантните агенции на Обединетите нации, ХЕРА спроведе две истражувања. Едното истражување се реализира во 2019 г. и опфати 800 испитаници, родители на деца тинејџери, етнички Македонци и етнички Албанци. Наодите од оваа анонимна анкета покажаа дека родителите имаат афирмативен став кон воведување на овој изборен предмет и дека во мошне високи проценти се согласуваат со корисноста на сите понудени аспекти на ССО. Процентите родители кои се согласуваат дека децата треба да ги изучуваат овие теми се движи во опсег меѓу 82 % и 96 %, при што највисока согласност е регистрирана за теми поврзана со стекнувања информации, ставови или вештини за: (1) заштита од насилство врз жените, сексуалното насилство и насилството на социјалните мрежи, (2) услугите и медицинската помош при ризик од сексуално преносливи инфекции и ХИВ, (3) заштита од несакана бременост, (4) механизми за заштита на сексуални и репродуктивни права и (5) промени во пубертетот. Најнизок процент на прифаќање (82 %), но сепак многу висок, родителите искажале околу потребата за стекнување сознанија за значењето и давањето согласност на партнерот/ката при влегување во сексуален однос, особено првиот. Ова истражување идентификува и дека нема јаз во одговорите меѓу татковците наспроти мајките, исто како што нема изразени разлики од аспект на возраста, средината на живеење или економскиот статус на испитаниците. Етничката припадност на родителите е поврзана со понагласени разлики од аспект на ставот за воведување на различни содржини за сексуално образование во основното образование. Додека процентот на родители Македонци кои прифаќаат да се изучуваат сите теми од

---

11/ *Извештајот од ова истражување е достапен на: <https://hera.org.mk/istrazhuvane-osven-vlada-ta-i-roditelite-kazhaa-da-za-voveduvane-seksualno-obrazovanie-vo-uchilishtata/> на македонски, албански и англиски јазик.*

сексуалното образование се движи меѓу 90 % и 97 %, кај родителите Албанци тој процент се движи во опсег меѓу 81 % и 95 %.

Неколку месеци потоа, во периодот декември 2019 – јануари 2020, ХЕРА, во соработка со БРО, спроведе слично истражување, кое како испитаници ги вклучи *наставниците и педагозите, психолозите, односно специјалните едукатори* вработените во стручните служби од основните училишта. За да се обезбеди максимална споредливост во врска со ставовите за воведување ССО кај родителите и наставниот кадар, користени се истите прашања во однос на темите, но додадени се и нови, релевантни за оваа група испитаници, а кои се однесуваат на нивната подготвеност и на мотивите да спроведуваат ваков вид настава, како и на нивната перцепција за потенцијалните бариери за реализација на оваа настава.

Резултатите од ова истражување ќе бидат детално прикажани како компаративни на истражувањето кое со истата популација беше спроведено во 2020 година. Споредбеното истражување се правеше по реализацијата на пилот-програмата за ССО. Генерално, пред да биде направена детална споредба, ќе биде само напоменато дека истражувањето од 2020 јасно покажа дека и наставниците имаат високоизразен афирмативен став кон потребата од сексуално образование во рамки на формалниот систем.

Главната причина поради која беше избран споредбен пристап беше потребата да се стекне увид во тоа какви промени настанале кај наставниците по реализација на пилот-програмата за Сеопфатно сексуално образование, како и по бројните дебати за и против воведување на ваков изборен предмет, кои со различен интензитет континуирано се водеа во јавноста, а особено на социјалните мрежи.

Оттука, прашањето од кое е водено ова истражување, што всушност се надоврзува во однос на методологијата на претходните две, е: *Какви се промените на ставовите на наставниците кон воведување Сеопфатно сексуално образование 2020 – 2022?* Дополнително, ќе биде споредена и мотивацијата на наставниот кадар за вклучување во обуки и држење настава по ССО, како во перцепциите на бариерите што би можеле да се појават при неговата реализација така и личните ставови во врска со овој изборен предмет.

# Други релевантни истражувања

Сите земји во кои е воведено или се воведува сексуално образование, повремено, или пролонгирано се соочувале со отпор од одредени групи во општеството. Отпорот се изразува на различни начини. Еден од типичните е во форма на изразување загриженост за тоа дека вредносниот систем врз кој се темели ова образование (родова еднаквост, човекови права, нетолеранција за насилство, особено сексуално, инклузивност и сл.) е целосно или делумно во спротивност со вредносната матрица на општеството. Неретко отпорот добива димензии на организирана пропаганда на т.н. антиродови движења, според кои образованието е под закана на родовата теорија заради која учениците се „индоктринирани“ кон радикален феминизам, „вовлечени во рана сексуализација“ и „збунувани во поглед на сексуалната ориентација и идентитет“[12]. Регистрирани се примери, како во Уганда[13], Мали[14], а во регионов и во Хрватска[15], кога поради силната опозиција на сегменти од општеството, сексуалното образование е повлекувано од наставните планови и програми, дури и по направен значителен напредок во процесот на аргументирање на неговите придобивки во јавноста.

Без разлика на тоа колкав бил степенот на отпор, друг сериозен предизвик за сите системи во кои се имплементира сексуално образование, несомнени се ставовите на наставниците и можноста за нивна обука, особено на оние кои се затекнати како веќе вработени, а немале можност да бидат обучувани во текот на професионалното образование. Така, најмногу заради табуизираноста на некои од темите, и наставниците и учениците соопштуваат дека наставниците користат „прескокнување“ на некои содржини[16], па се случува да има расчекор меѓу наставните програми и реалната импле-

---

12/ *Kuhar, R. & Zobec, A. (2017). The anti-gender movement in Europe and the educational process in public schools – In: CEPS Journal 7 2, S. 29-46 – URN: urn:nbn:de:0111-pedocs-145948 - DOI: 10.25656/01:14594*

13/ *Hinsiima, A. B., et. al. (2019). Institutional and contextual obstacles to sexuality education policy implementation in Uganda. Sex Education, 20, 17-32*

14/ *Thurston, A. (2019). Mali: A Controversy Around Sex Education. 7 January, 2019. Достапно на: <https://sahelblog.wordpress.com/2019/01/07/mali-a-controversy-around-sex-education/>*

15/ *Štulhofer, A. (2016): Is there a need for a European-wide initiative on comprehensive sexuality education? Reflections from Croatia, Sex Education, DOI:10.1080/14681811.2016.114698; <https://znajznanje.pariter.hr/wp-content/uploads/2017/01/Seksualnost-i-mladi-u-Primorsko-goranskoj-%C5%BEupaniji-EN-2.pdf>*

16/ *UNESCO (2021). The journey towards comprehensive sexuality education: Global status report. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (UNESCO); Mkumbo K. A. (2012). Teachers' attitudes towards and comfort about teaching school-based sexuality education in urban and rural Tanzania. Global journal of health science, 4 (4), 149–158. <https://doi.org/10.5539/gjhs.v4n4p149>*

ментација. Кај нас слични искуства[17] се забележани при реализацијата на предметот Животни вештини[18] во средното образование, што упатува на тоа дека на ниво на основно, оваа практика многу веројатно била уште позастапена.

Од друга страна, учениците со искуство во програмите за сексуално образование ја истакнуваат централната важност на добро подготвените наставници кои умеат да го користат пристапот ориентиран кон учениците и кои можат да обезбедат безбедна клима за одвивање на овој вид настава, особено за девојчињата и момчињата кои не се сообразуваат со традиционалните машка и женска улога. Ретко која евалуација, на кој и да е тип сексуално образование, не истакнува дека доколку наставниците немаат знаења, но и лични ставови на одобрување на содржините, едукацијата не може да биде успешна. Податоците од истражувањата спроведени во други земји во кои се реализира сексуално образование, сугерираат дека клучна улога во квалитетот на наставата генерално, но особено за осетливи содржини каква што е сексуалноста, имаат токму наставниците и нивниот однос кон содржините што ги работат[20]. Освен често соменуваниот проблем со немањето систематска обука на наставниците во текот на нивната професионална подготовка, тие како сериозна пречка ги наведуваат непријатноста да зборуваат за одредени теми, стравувањето дека може да бидат на удар на критика на родителите поради изразени ставови што родителите ги сметаат за проблематични, односно во судир со нивните, или дека нема да знаат да одговорат на некои прашања од учениците[21]. Оттука, сосем е разбирливо зошто се инсистира на вложување дополнителен труд не само во обуката на наставниците туку и во засилување на нивната мотивација и на психолошкото омоќување[22].

17/ *Василевска. Л. (2014). Извештај од истражувањето за можностите за информираност на учениците од областа на репродуктивното здравје и неговата заштита во училиштата, ХЕРА и Центарот за стручно образование и обука, Скопје*

18/ *Дел од содржините на наставната програма на овој предмет се посветени на сексуалноста. Предметот се реализира врз основа на избор на наставниците од понудените содржини, па така, оние од сферата на сексуалноста обично многу ретко се работат.*

19/ *Пр: Rose, I. D. et a.l (2019). Key Factors Influencing Comfort in Delivering and Receiving Sexual Health Education: Middle School Student and Teacher Perspectives. American Journal of Sexuality Education, 14 (4), 466-489; Eisenberg, M.E., Madsen, N., Oliphant, J.A., Sieving, R.E. (2013). Barriers to providing the sexuality education that teachers believe students need. School Health, 83, 5, 335-42; Cohen J. N, Sears B, Weaver A. D. (2004). Sexual health education: Attitudes, knowledge and comfort of teachers in New Brunswick schools. The Canadian Journal of Human Sexuality, 13:1–15*

20/ *Cohen J. N, Sears B, Weaver A. D. (2004). Sexual health education: Attitudes, knowledge and comfort of teachers in New Brunswick schools. The Canadian Journal of Human Sexuality, 13, 1–15*

21/ *Preston, M. (2019). "I'd rather beg for forgiveness than ask for permission": Sexuality education teachers' mediated agency and resistance, Teaching and Teacher Education, 77, 32-340; Walters, A.S. & Hayes, D.M. (2007). Teaching about sexuality: Balancing contradictory social messages with professional standards, American Journal of Sexuality Education, 2, 27-47*

22/ *Mathews, C., Boon, H., Flisher, A. J., Schaalma, H. P. (2006). Factors associated with teachers' implementation of HIV/AIDS education in secondary schools in Cape Town, South Africa. AIDS Care, 18, 388–397*

# Метод

## *Учесници*

Врз основа на доброволна одлука, во повтореното истражување учествуваа вкупно 1.052 наставници и стручни соработници (психолог, социјален работник, педагог или специјален едукатор) од основните училишта низ државата, каде наставата се одвива на македонски, односно на албански јазик. Просечната возраст на испитаниците во ова истражување е M2 = 42,8 (SD2 = 12,1) години, а нивниот просечен работен стаж е M2 = 15,9 (SD2 = 9,8) години, многу слично како и кај учесниците од претходното, чија просечна возраст беше M1 = 43,3 години (SD1 = 9,8) а стажот  M1 = 15,6 (SD1 = 10,2). Во табела 1 е направен приказ на двете групи учесници според полот и наставниот јазик.

*Табела 1. Структура на примероците според пол и наставен јазик*

| ***Учесници*** | ***Наставен јазик*** | | ***Пол*** | | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Наврат | Македонски | Албански | Женски | Машки | |
| 2020 (прв) | **500** (83,3 %) | **100** (16,7 %) | **458** (76,2 %) | **142** (23,8 %) | **600** (100 %) |
| 2022 (втор) | **870** (82,7 %) | **182** (17,3 %) | **822** (78,2 %) | **230** (21,8 %) | **1.052** (100 %) |

Двата примерока се речиси идентични според процентуалната застапеност на мажи и жени, односно наставници кои држат настава на македонски и на албански јазик. Мали разлики се забележани во процентот на наставници кои се самоидентификуваат како многу наспроти умерено религиозни, односно атеисти/агностици и тие кои одбиваат да одговорат на ова прашање. Така, во првиот наврат процентот на оние кои тврдат дека се многу религиозни изнесувал 10,8 %, а во вториот 14,8 %. Како умерено религиозни во првиот наврат се идентификувале 67,5 %, а во вториот 60,7 %, додека атеисти/агностици 3,8 % во првиот наспроти 5,2 % во вториот наврат.

## *Инструмент*

На испитаниците им беше зададен електронски прашалник со прашања што припаѓаат на 4 групи:

• демографски податоци, вклучувајќи пол, возраст, должина на стаж, наставен предмет и самопроценет степен на религиозност (во три ординарни категории: многу, умерено, воопшто, како и не сакам да одговорам);

• прашања за тоа дали избрани содржини од сферата на сексуалното и репродуктивното здравје треба да бидат вклучени во наставата или не;

• прашања што бараат процена на важноста на секоја од содржините (на скала од 0 – воопшто не е важно и не треба да бидат вклучени во настава, до 3 – многу е важно и задолжително треба да бидат вклучени во наставата);

• прашања што се однесуваат на мотивираноста на наставниците да бидат обучени и да изведуваат настава по Сеопфатно сексуално образование и да обезбедуваат увид во нивната перцепција на бариерите за воведување ССО во формалната настава.

На крајот на прашалникот беше оставен и простор за отворени коментари во врска со темата.

***Постапка***

Прашалникот (една форма на македонски и една форма на албански јазик) беше поставен во онлајн форма на платформата Google forms, а до потенцијалните учесници – наставници и стручни соработници од сите основни училишта во земјата, беше доставен на нивните лични имејл-адреси, познати на БРО. Верзијата која првично беше изработена на македонски јазик, на албански е преведена од страна на компетентен билингвален стручњак. Овој превод е потоа вратен на македонски јазик од страна на билингвална авторка на овој извештај. Преведената и „вратената“ верзија немаа значителни разлики.

Податоците за целта на истражувањето, како и гаранцијата за анонимност и доверливост беше објаснета во воведната порака на прашалникот. Линкот беше достапен за одговарање во месец март 2022 година.

Статистичката обработка на податоците од квантитативна природа беше направена со помош на пакетот SPSS 26. Квалитативните податоци беа категоризирани по дедуктивно-индуктивен пат. Во првата фаза се користеа веќе добиените теми и поттеми од истражувањето во 2020 г., а потоа се отворија и нови, во согласност со добиениот материјал од навратот во 2022 година. Интрасубјективната релијабилност на категоризацијата е обезбедена со проверка на согласувањето на категоризацијата во три одделни препрочитувања на материјалот со временско растојание од два дена. Интерсубјективната релијабилност, која исто така се покажа задоволителна (над 90 % согласување) беше проверувана со споредба на независно правените категоризации од страна на двете авторки на извештајот, врз основа на претходно изработената кодна шема.

# Резултати

Секаде каде што постоеше основа, резултатите се прикажани како споредбени (1) за двата истражувачки наврата, (2) според јазикот на настава, или според двата критериума.

## *Перцепција на потребата за вклучување теми од сексуалноста во наставата*

Како што веќе беше образложено, прашањата за тоа кои теми треба да бидат (или да не бидат) вклучени во курикулумот по предметот Сексуално образование беа преземени од првичното истражување. За полесно следење на споредбите, тука тие се дадени во целост. Прашањата гласат:

*Дали учениците треба да учат за тоа:*

1. Како да се заштитат од сексуалното насилство во секојдневниот живот и насилството на социјалните мрежи?
2. Кои се различните форми на насилство и дека насилството, особено кон девојчињата, има последици кон целото општество?
3. Каде да се обратат за медицинска помош во случај на ризик од ХИВ и сексуално преносливи инфекции?
4. Какви телесни промени се случуваат кај двата пола во текот на пубертетот?
5. Како да реагираат и кому да се обратат кога нивните сексуални и репродуктивни права се загрозени?
6. Што е контрацепција и како за да се заштитат од несакана бременост?
7. Дека сексуалните врски, желби и задоволството се природни, а не срамни појави
8. Кои се разликите меѓу жените и мажите и што значи еднаквиот третман и рамноправноста?
9. Како се воспоставуваат здрави партнерски врски засновани врз почит, а кои врски се штетни за адолесцентите?
10. Како да се справат со притисоците од средината за да се има сексуален однос?
11. Кои се индивидуалните и општествените последици од дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација?
12. Кое е значењето од давањето согласност при сексуален однос, особено првиот пат?

На графикон 1 е направена споредба помеѓу одговорите на ова прашање на испитаниците во 2020 и 2022 година. Претставени се процентите на потврдни одговори за наведените прашања. Од приказот се гледа дека преовладува ставот на одобрување за вклучувањето на сите теми, а за тоа дека наведените содржини би требало да бидат вклучени во формалната настава во основното образование постои висок степен на согласност и во двата наврата.

За сите опфатени теми процентот на наставници и стручни соработници кои даваат поддршка е во благо опаѓање – најнезначително кога се работи за потребата да се изучуваат сите форми на насилство, особено кон девојчињата, и за запознавањето со разликите меѓу мажите и жените, а најизразено е во поглед на третирање на сексуалноста како природна наспроти срамна и околу стекнувањето компетенции за справување со притисоци за сексуален однос, особено првиот. И покрај статистички значајното намалување на процентот на афирмативни одговори, останува фактот дека и најмалку прифатената содржина, сепак, ја одобруваат над ¾ од испитаниците.

***__Графикон 1. Споредба на проценти на прифаќање на темите од ССО – 2020 со 2022 година__***



Различните искуства со третманот кон пилотирањето на програмата за ССО во училиштата со албански наставен јазик во споредба со оние на македонски, ја наметна потребата да се провери дали (и во поглед на кои теми) постојат изразени разлики меѓу наставниците кои држат настава на едниот и оние кои држат настава на другиот јазик. Во табелите 2а и 2б (поделени заради читливост) е даден токму таков споредбен приказ. Увидот во овие податоци упатува на генерален заклучок дека опаѓањето на поддршката во 2022 година е позначително кај наставниците кои држат настава на албански наставен јазик, но не за сите теми. Кај оваа група наставници, во 2022 година, споредено со 2020, намалувањето на безрезервната поддршка е најизразена за: 1. учениците да учат за контрацепција (74,2 % наспроти 94 % во првиот наврат), 2. за справување со притисоци за влегување во сексуален однос (68,9 % наспроти 93 % во првиот наврат) и 3. стекнување информации за значењето на давањето согласност за сексуален однос, особено првиот (55,6 % наспроти 88 %).

Затоа, пак, ако се споредат меѓусебно двете групи во однос на прифаќањето на темите во 2022 година, се утврдува дека статистички значајни разлики нема само во однос на три од понудените теми: 1. како учениците да се заштитат од сексуалното насилство во секојдневниот живот и од насилството на социјалните мрежи, 2. запознавањето со различните форми на насилство и неговите последици кон целото општество, како и 3. запознавање со последиците од дискриминација по основ на сексуална ориентација. За сите останати, кај наставниот кадар од училиштата во кои се учи на албански јазик, ставот кон потребата од останатите содржини е повоздржан.

***Графикон 2а. Споредба на проценти на прифаќање на темите од ССО (1–6) кај наставници кои предаваат на различни наставни јазици – 2020 и 2022 г.***



***Графикон 2б. Споредба на проценти на прифаќање на темите од ССО (7–12) кај наставници кои предаваат на различни наставни јазици – 2020 и 2022 г.***




Друга констатација која со сигурност произлегува од увидот во резултатите за тоа дали наведените теми треба да бидат застапени, е дека ниту една не добила помалку од мнозинство гласови за поддршка (над 50 %). Дополнително на ова, половината од презентираните содржини во вториот наврат ги поддржуваат како потребни над 90 % од наставниците.

Споредбата на процентите на наставниците кои даваат афирмативен одговор за секоја од темите чија струка е релевантна за темите (биологија, граѓанско општество и членови на стручна служба) со останатите, покажа дека меѓу овие две групи наставници не постојат статистички значајни разлики за ниту една од посочените содржини.

### *Перцепција на важноста на теми од сексуалноста во наставата*

На графиконот 3 се прикажани просечните вредности (кои може да се движат од о до 3) за проценетата важност на секоја од темите во двете години на истражување. Оценката над 2,5 укажува на тоа дека, во просек, испитаниците темата ја оцениле како многу важна и задолжителна за изучување, а над 1,5 како умерено важна.

***Графикон 3. Споредба на просечната припишана важност на темите од ССО во 2020 и 2022 г.***




Тестирани со t-тест за независни мерења, сите промени во процесите на перципираната важност на темите се статистички значајни на ниво 0,01. Сепак, вреди да се нагласи дека и во околности на оваа промена, ниту една тема не се оценува како неважна (под M = 1,5). Дури и најниско оценетите аспекти на ССО според важноста, а тоа се третманот на сексуалноста како природна, а не срамна појава (M1 = 2,41 и M2 = 2,10) и запознавањето со последиците од дискриминацијата по основа на сексуална ориентација (M1 = 2,47 и M2 = 2,17), заедно со уште 3 други аспекти, сепак, имаат третман на умерено важни (нивниот просек се движи меѓу 2 и 2,5). Седум други аспекти се перципираат како просечно многу важни и задолжително треба да се внесат во наставата (со просек над 2,5) и во двата наврата. Во 2022 г. како најзначајно е проценето тоа децата да можат да учат како со контрацепција може да се спречи непланирана бременост (M2 = 2,69). Интересно, за последната тема во 2022 г. опаѓа процентот на наставен кадар кој смета дека треба да биде вклучена, а истовремено, оние кои ја прифаќаат ја сметаат за многу важна.

### *Мотивираност на наставниците да се вклучат во ССО*

Приближно една третина од наставниците испитани во 2020 година изјавиле дека би сакале да спроведуваат настава во училиште за наведените дванаесет теми, а околу 40 % од нив рекле дека не би сакале (останатите не се сигурни). Во 2022 година, како што може да се види од графикон 4, подготвеноста на наставниците и стручните соработници да учествуваат во имплементација на овие теми е во опаѓање, еднакво кај наставниот кадар од двата наставни јазика. Оваа состојба претставува промена во однос на 2020 година, кога кај наставниците кои држат настава на македонски јазик подготвеноста била статистички значајно повисока во споредба со нивните колеги кои држат настава на албански јазик.

***Графикон 4. Заинтересираност за држење настава за наведените теми во 2020 и 2022 г. вкупно и според наставен јазик***




На прашањето дали би сакале да бидат обучени за реализација на овие теми од ССО, во 2020 г. нешто повеќе од половина од наставниците кои држат настава на македонски јазик рекле дека не би сакале, 21,8 % би сакале само ако обуката трае кратко, а 26,3 % би сакале кои и да се условите. Процентот на наставници кои држат настава на албански јазик, а се заинтересирани за обука под какви било околности е идентичен – 26,5 %, додека сигурни дека не сакаат биле околу 60 %. Во 2022 г. ситуацијата е променета. Без разлика какви се условите на обука, во 2022 г. би сакале да бидат обучени 14,8 % од наставниците кои држат настава на македонски и само 12 % од тие кои држат настава на албански јазик. Дека не би сакале да бидат обучени се изјасниле мнозинство од наставниците – 76,4 % од наставниците на албански наставен јазик и 65,7 % наставници што работат на македонски наставен јазик.

Околу една третина од испитаните наставници во 2020 година изјавиле дека би сакале да држат настава поврзана со темите за кои се изјаснуваа во однос на потребноста и важноста (графикон 5). Овој процент воопшто не е мал, особено ако се има предвид дека во анкетата учествуваат и наставници од одделенска настава. Во вториот наврат, процентот на заинтересираност лично да се предаваат овие содржини опаѓа на околу 25 % за наставниците кои држат настава на македонски јазик и на 19,6 % на албански јазик. Големиот процент наставници кои одговараат дека не знаат, карактеристичен и за двата наврата на истражување, ја сугерира можноста бројката на заинтересирани наставници да биде и поголема.

***__Графикон 5. Заинтересираност за држење настава за наведените теми во 2020 и 2022 г. според наставен јазик__***




Наставниците кои изразиле подготвеност да држат настава по ССО имаа можност да се произнесат и за мотивите поврзани со нивната спремност. Во табела 1[23] е прикажана споредба меѓу одговорите дадени во двете мерења, дадени од наставниот кадар од двата опфатени наставни јазика. Од табелата се гледа дека најголемата промена се случила кај мотивираноста врз основа на перцепцијата за важноста на темите. Додека процентот на избори на овој мотив кај наставниците со македонски наставен јазик опаѓа, кај нивните колеги кои држат настава на албански значително расте. Во другите категории на мотиви ЗА, нема изразено големи промени од 2020 во 2022 година.

*23/ Кумулативните проценти во табелите 1 и 2 надминуваат 100 % бидејќи беше дадена можност за избирање на повеќе од еден понуден одговор.*

***Табела 1. Мотиви за заинтересираност за реализација на настава по ССО – споредби меѓу 2020 и 2022 г. според јазик на настава***

| ***Мотиви ЗА*** | ***2020*** | | ***2022*** | |
|---|---|---|---|---|
| | ***МАК (N=167)*** | ***АЛБ (N=30)*** | ***МАК (N=341)*** | ***АЛБ (N=124)*** |
| Претпоставувам дека кај учениците ќе има голем интерес | 32,7 % | 35,1 % | 32,2 % | 37,1 % |
| Мислам дека темите се многу важни | 96,5 % | 68,9 % | 61,0 % | 85,5 % |
| Би било од корист за да го дополнам фондот на часови | 4,5 % | 2,7 % | 7,3 % | 4,8 % |
| Самите теми за мене лично се предизвик | 18,4 % | 8,1 % | 14,3 % | 12,1 % |
| Мислам дека би ми било од корист за напредување во кариерата | 7,2 % | 2,7 % | 5,8 % | 4,8 % |
| Друго | 20,2 % | 32,4 % | 31,7 % | 48,4 % |

Промените во зачестеноста на изјавените причини за незаинтересираност за реализација на темите релевантни за ССО се прикажани на табела 2. Најзначајни поместувања се случиле кај наставниците кои држат настава на албански јазик, и тоа во насока на големо намалување на изборите на претпоставена незаинтересираност кај учениците и на тоа дека темите не се адекватни за возраста како причини, а зголемена зачестеност на избирање на претпоставените негативни реакции кај родителите. Кај наставниците кои држат настава на македонски јазик е зголемен бројот на оние кои велат дека не би се вклучиле во оваа настава затоа што темите за нив лично не се во согласност со уверувањата, а исто така, има и други, тука ненаведени причини за нив кои како избор ги навеле речиси половината од оние кои не се моментално заинтересирани за учество во програмата за ССО. За наставниците од двата наставни јазика, генерално најчесто избирана причина е тоа дека сметаат дека темите не се соодветни за возраста 12-14 години.

**_Табела 2. Мотиви за незаинтересираност за реализација на настава по ССО – споредби меѓу 2020 и 2022 г. според јазик на настава_**

| Мотиви ПРОТИВ | 2020 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| | МАК (N=167) | АЛБ (N=30) | МАК (N=670) | АЛБ (N=162) |
| Претпоставувам дека кај учениците нема да има голем интерес | 6,4 % | 35,1 % | 6,7 % | 13,6 % |
| Мислам дека темите не се за ученици од 12-14 години | 17,5 % | 68,9 % | 28,1 % | 39,5 % |
| Имам доволно часови и сè друго би ми било товар | 23,7 % | 2,7 % | 17,9 % | 14,8 % |
| Некои од темите се против моите лични уверувања | 4,7 % | 8,1 % | 12,7 % | 8,6 % |
| Општо земено, преоптоварен/а сум со работа | 16,4 % | 0 % | 16,4 % | 10,5 % |
| Стравувам од проблеми поради природата на темите | 17,5 % | 0 % | 13,4 % | 27,8 % |
| Сметам дека родителите би имале проблем со овие теми | 22,5 % | 2,7 % | 28,8 % | 26,5 % |
| Друго | 28,4 % | 32,4 % | 43,3 % | 30,2 % |

### *Перципирани пречки за успешна реализација на предметот ССО во училиштата*

Учесниците во истражувањето беа прашани кои според нив би биле најголемите пречки за успешна реализација на темите од сферата на сексуалното образование. Тие можеа да изберат најмногу три од 7 понудени опции. Нивните одговори, поделени според годината на истражување и според наставниот јазик, се прикажани на табела 3. Од неа јасно се гледа дека за наставниците, и во двата периода на истражување, најчесто избирана пречка е неподготвеноста на заедницата за тоа децата да учат вакви теми, за кои тие самите, според наодите од ова истражување, во големо мнозинство сметаат дека се потребни и важни за нив. Од друга страна, слично како и во првото истражување, и во второто најретко избирана пречка е претпоставената незаинтересираност на децата за информирање од сферата на сексуалноста во училиштен контекст, особено меѓу наставниците кои држат настава на македонски јазик. Најголема промена од едно до друго истражување кај наставниците кои држат настава на албански јазик се случила во зачестеноста на перцепцијата на реакциите од родителите како можна бариера (процентот на избор од 50 % се намалува на 32 %, додека кај нивните колеги кои држат настава на македонски јазик за 10 % расте изборот на оваа опција. Опциите што се однесуваат на различните форми на отпор што произлегуваат од наставниците, и од двете групи, во двата

наврата се избираат од околу една четвртина од испитаниците, со видливи варијации меѓу наставниците од двата наставни јазика во однос на тоа дали посилна пречка е самата тема или неволноста на наставниците да инвестираат во тоа да бидат обучувани во нова тематска сфера.

***Табела 3. Перципирани пречки за реализација на настава по ССО – споредби меѓу 2020 и 2022 г. според јазик на настава***

| ПРЕЧКИ | 2020 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| | МАК (N=500) | АЛБ (N=100) | МАК (N=870) | АЛБ (N=182) |
| Неподготвеност на заедницата за тоа децата да учат за вакви теми | 59,4 % | 64,0 % | 65,2 % | 49,5 % |
| Отпор кај наставниците да се занимаваат со теми од сферата на сексуалноста | 29,4 % | 52,0 % | 29,1 % | 37,4 % |
| Отпор кај наставниците да се обучуваат дополнително во нова сфера | 20,7 % | 22,0 % | 16,2 % | 12,6 % |
| Отпор кај наставниците за постојано внесување новини во наставата | 32,0 % | 11,0 % | 21,8 % | 9,8 % |
| Можност за отпор од страна на родителите | 52,5 % | 50,0 % | 62,3 % | 31,2 % |
| Незаинтересираност на децата да учат за вакви теми | 13,2 % | 21,0 % | 14,4 % | 20,3 % |
| Друго | 18,7 % | 21,0 % | 20,6 % | 25,3 % |

### *Личен осврт на наставниците кон воведување на ССО во училиштата*

На отвореното прашање за давање коментар во врска со воведување на ССО во училиштата, учесниците во истражувањето од 2020 година главно даваат искази кои ја афирмираат потребата од воведување теми од сферата на сексуалното и репродуктивното здравје. Овие изјави, освен што преовладуваат, се и најдобро елаборирани. Во рамките на оваа категорија, регистрирани се поткатегории како што се: поддршка овие содржини да се совладуваат надвор од редовниот курикулум и од страна на лица кои не се наставници во школото; поддршка содржините да бидат достапни за учениците, но под услов да не се зголемува оптовареноста на учениците и наставниците; поддршка придружена со скептицизам околу подготвеноста на средината за ваква новина во образованието и уважување на важноста на содржините, придружено со загриженост околу компетенциите на наставниците и можноста тие да се стекнат со обуки. Мал дел

од коментарите се однесуваат и на категоријата која упатува на отфрлачки став за воведување СCO, а овие коментари се куси и без подетални образложенија.

Анализата на одговорите на истото прашање добиени по две години укажа на тоа дека темите и поттемите се главно задржани, а може да се идентификуваат и нови. За пообјективна слика, категоризацијата е прикажана со фреквенции на табела 4. Категоризацијата е правена комбинирано, по пат на дедуктивно развивање на темите и поттемите, дополнета по индуктивен пат.

***Табела 4. Категоризација на искажаните лични ставови на наставниците во 2022 г.***

| *Теми/Поттеми* | *Број на изјави* | | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| | *МАК* | *АЛБ* | |
| ***Прифаќање...*** | | | |
| без задршка, или со укажување на полезноста | 65 | 10 | 132 |
| со наведување дополнителни конкретни специфични услови за тоа (надвор од возраста) | 31 | 3 | |
| само за повисоки возрасти (деветто или нагоре) | 7 | 5 | |
| со укажување на различни проблеми од техничка природа (обука на наставници, зголемување фонд на часови и сл.) | 9 | 2 | |
| ***Отфрлање...*** | | | |
| со наведување дека сексуалното образование е работа на родителите | 13 | 5 | 54 |
| со образложение дека темите не се за деца | 2 | 8 | |
| заради тоа што нема потреба | 6 | 4 | |
| со образложение дека е опасност за децата | 2 | 4 | |
| заради идеолошки/вредности причини | 4 | 3 | |
| по други основи | 2 | 1 | |
| ***Друго*** | | | |
| Тврдење дека сите теми се веќе интегрален дел од други предмети, или поддршка да се воведе без да се оптовари наставниот план или во рамки на друг предмет | 18 | 6 | 47 |
| Разно, неодредено | 17 | 6 | |

Како што може да се види од табела 4, категоријата на афирмативен однос кон воведувањето на ССО низ наведените содржини, како изборен предмет во 9. одделение, видно доминира според фреквентноста (N = 75) во спо-редба со останатите. Во оваа категорија беа сместувани изјави низ кои учесниците во истражувањето или без дополнителни коментари изјавиле дека идејата им се допаѓа, или е корисна, или оние во кои се образложува зошто нивниот став е позитивен. Како илустративни примери се избрани следниве неколку изјави[24]:

***Примери за прифаќање со образложение дека е корисно:***

*„Предметот сексуално образование мислам дека ќе даде добри резултати и тоа образование ќе биде од голема корист за учениците како и воопшто за општеството.“*

*„Сексуалното образование како изборен предмет фали во образованието, бидејќи е многу битно за сексуалното здравје на учениците.“*

*„Ова е потребно да се воведе во наставата, но при тоа треба добро да се подготви околината. За жал, живееме во општество што недоволно чита и поради тоа пружа отпор за сè што е ново.“*

Во склоп на генералниот став на прифаќање, идентификувани се уште неколку поттеми. Во следната, според бројноста најчесто застапена, беа класифицирани изјави низ кои наставниците искажуваат одобрување за вклучување на наведените содржини во наставата, но имаат некаков вид задршка или совет кој се однесува на различни аспекти на изведувањето на наставата, како што се, на пример, дали би требало да е посебен предмет или не, дали да е наставна или воннаставна активност и слично, или кој би можел да го реализира. цитата се издвоени како увид во тоа од каква природа се овие искажувања:

***Примери за прифаќање на содржините, со наведување дополнителни конкретни специфични услови за тоа***

*„Мислам дека предметот сексуално образование не треба да се воведе како изборен предмет за да не се оптеретуваат учениците со нови предмети и по 8 часа секој ден. Треба како тема да се интегрира во предметите биологија и граѓанско образование во 9 одделение – може како факултативна настава за заинтересираните ученици со согласност на родителите; или темата да се разработува во работилници со заинтересирани ученици, наставници со стручни лица, психолози, доктори, родители.“*

---

24/ *Изјавите се цитирани во нивните оригинални искази. Преводите од албански јазик се пра-вени така за да бидат максимално верни на оригиналниот исказ.*

*„Би сакал да нагласам дека ... темата ... е добра, но наставниците во последно време можеме само да ги мотивираме за тоа да го работат само со финансиски аспект... така не се мотивирани... бар досега што забележав во моето кратко искуство како педагог.“*

*„Предметот да го држи стручно лице, а не наставник по други предмети со обука.“*

Слична на оваа е и категоријата низ која се изразува поддршка за темите, но со укажување на тоа дека учениците се претрупани со часови, или дека ќе се појават проблеми околу компетенциите на наставниците, реакциите на околината и слично.

***Пример за прифаќање на содржините, со укажување на различни проблеми од техничка природа (обука на наставници, фонд на часови и сл.)***

*„Што се однесува како мое лично видување како наставник, јас сум за изучување на овие теми, бидејќи само така ќе се подигне свеста во локалната заедница. Но, стојам и со ставот на учениците дека како и тие, така и ние како наставници имаме премногу задолженија.“*

*„Тоа се теми кои навистина треба да се решат, но дрскиот менталитет на родителите го прави такво нешто невозможно.“*

Во посебна категорија решивме за ги издвоиме и оние искази со кои се прифаќа идејата, но се укажува на возраста кога би требало да се воведе. Сметавме дека треба да биде посебна категорија од горенаведената, бидејќи и во рамки на дел од одговорите низ кои идејата се отфрла, возраста исто така се користи како аргумент. За разлика од нив, некои испитаници кои сметаат дека содржини од ССО треба да има, а се загрижени за возраста, главно напомнуваат дека даваат поддршка за идејата, но само за ученици од погорните возрасти во основното образование, или во средното образование. Освен тоа, во овие изјави се среќаваа и дополнителни образложенија за тоа кои теми се, а кои не се соодветни за возраста.

***Примери за прифаќање со наведување на возрасната граница:***

*„Мислам дека овој изборен предмет не е за децата до 8 одделение. Можеби за деветтоодделенци.“*

*„Мислам дека сексуално образование би можело да се воведе во средните училишта, а не во основните... И за крај, изричито сум против наставната програма да*

*содржи теми поврзани со хомосексуалност, бисексуалност, транссексуалност итн.“*

*„ССО и воведувањето во настава можеби е потребно, но сметам дека избраната возраст е погрешна, бидејќи поголемиот број на деца од 12-14 години не го достигнале и не би требало да го достигнат тој степен на развој. Според мене би требало да се воведе од 1 или 2 година средно образование, натаму.“*

Многу помалку наставници дале одговор кој може да се класифицира во категоријата на отфрлање на идејата. Ова е разбирливо, бидејќи соодветствува на наодите добиени во квантитативниот дел на прашалникот. Најбројна поттема на отфрлачкиот став е дека едукацијата за темите од сферата на сексуалноста се одговорност на родителите, а не на училиштето. Во некои од изјавите, респондентите образложуваат дека улогата на родителите треба да е носечка, најмногу заради различните вредности што ги имаат во оние што се во основата на пораките во врска со сексуалното однесување.

***Примери за отфрлање со наведување на тоа дека сексуалното образование треба да е задача на родителите:***

*„Поголемиот дел од наведените прашања и теми се учат во семејството, а не во училиштето и не им е местото таму.“*

*„Оваа тематика треба да си ја реализираат сите родители засебно, бидејќи сите си имаат различни видувања на оваа тема, па поради тоа сметам дека ова е наметнување на различно мислење кај децата и родителите.“*

Следна по бројност е поттемата од категоријата на отфрлање, кое го базира врз образложение дека од овие содржини учениците немаат потреба, или затоа што веќе се доволно информирани од различни извори или заради тоа што самите теми не се приоритет за возраста.  На оваа поттема се надоврзува и категоричното  отфрлање кое се образложува со возраста на децата (N = 6).

Отфрлачките ставови што се темелат главно врз идеолошки/вредносни причини не се многубројни, но се жестоки во искажувањето на отпорот. Тука ќе бидат наведени за илустрација два такви примера:

***Примери за отфрлање поради идеолошки/вредносни причини:***

*„...Лично сум против родова еднаквост. И сите оние кои се залагаат за таканаречената родова еднаквост ги сметам за болни кои треба под хитно да се лечат.“*

*„Молам без затскриени намери и протнувања на области од ЛГБТ заедни-*

*цата на невини деца, за кои секако има преголем број на приоритетни теми во кои треба да се едуцираат, растат во таа материја и длабоко ја запознаваат. Не бидете лукави силеџии со реторика – нападот е најдобра самоодбрана, нè дискриминирате. Сè што е на сила и затскриено, праксата покажала дека од глава се крши!“*

*„Катастрофални теми, срамота да се дискутираат овие работи во школо!!“*

Најнакрај, во две изјави е јасно елаборирано и тоа дека на ССО се гледа како на опасност за децата, најмногу поради претпоставката дека децата на тој начин ќе добијат стимул за прерано влегување во сексуални односи.

Анализата издвои и категорија на одговори во кои не може да се препознае експлицитно отфрлање или прифаќање. Тие се сведуваат на објаснувања дека предложените содржини не се ништо ново, дека или се веќе сосема или може да бидат покриени со постоечките наставни предмети. Често во овие изјави има и осуда за преоптовареноста на учениците. Освен оваа поттема, во наведената генерална категорија беа класифицирани и изјави кои се крајно неодредени или помалку релевантни за конкретната тема (како, на пример: „се оправивте, па уште ова“ и слично).

# Заклучоци

Најопштиот заклучок што произлезе од ова истражување е дека меѓу наставниците и вработените во стручните служби во основните училишта доминира афирмативен став кон потребата за воведување формална настава за сексуално образование, како и дека во периодот од почетоците на официјализацијата на идејата, до моментот на завршување на пилот-проектот, поддршката е во благ пад.

Поддршката произлегува, главно, од свесноста за важноста на овие теми во развојот и безбедноста на децата, но не е исклучено дека може да се должи и на други мотиви, како што се, на пример, лични вредносни или идеолошки системи, или гледање можност за сопствен професионален развој. Од друга страна, пак, малиот процент на опаѓање на вкупната поддршка во голема мера може да се припише на негативната пропаганда која во одредени периоди по актуализирање на Концепцијата за основното образование добиваше и размери на вистинска демонизација на самата идеја, проследена со многу злонамерни дезинформации.

Анализата на резултатите уште еднаш потврди дека нема тема кон која постои повеќе отпор отколку прифаќање, иако на секоја тема не ѝ се придава еднаква важност. Со други зборови, нема тема која добила просечна оценка што укажува на тоа дека затоа што е неважна, не би требало да биде опфатена со курикулумот. Сепак, треба да се напомене дека најниско оценетите теми според важноста сугерираат дека дел од наставниците можеби имаат очекување програмата да биде реализирана низ перспектива во која доминира страв од несакани последици во сферата на сексуалноста, без таа да се третира низ перспектива на човековите права и во нејзината комплексност како дел од човековото живеење кое има значење и надвор од репродуктивната функција.

Веројатно една од најалармантните промени од 2020 во 2022 година е во однос на искажаната желба на наставниците кои работат на албански наставен јазик да се вклучат во реализација на програма по ССО како изборен предмет. Опаѓањето на заинтересираноста за овие респонденти е многу поголем отколку кај нивните колеги кои работат на македонски наставен јазик. Увидот во искажаните мотиви да не учествуваат во ваквата реализација, особено промените од еден во друг наврат, зборуваат за тоа дека овие наставници или биле реално изложени на негативни реакции од родителите или, пак, дека ги претпоставуваат врз основа на дебатите што се водеа преку медиумите, особено на социјалните мрежи. Сепак, и покрај опаѓањето на заинтересираноста, задоволителен број наставници покажуваат и подготвеност да бидат вклучени во обуката и во реализацијата на содржините за ССО.

Слично како и во претходното истражување, наставниците доминантно претпоставуваат дека успешната реализација на ССО најмногу би била отежната од фактори надвор од училиштето, односно генералната неподготвеност на заедницата и на родителите да обезбедат систематска едукација на децата во сферата на сексуалноста, без разлика на тоа што би се изведувала како адаптирана на возраста и во контролирана, безбедна средина. Многу веројатно е ова гледање да е издржано, особено ако се земат предвид наодите од квалитативните податоци. Иако сите испитаници не одговарале на отвореното прашање, сепак, преовладуваат реакции кои даваат недвосмислена поддршка на идејата ССО да биде изборен предмет во деветто одделение. Кај оние кои не даваат поддршка, главни се два мотива – ставот дека сексуалното образование е задача на родителите кои треба да имаат право на избор што ќе ги учат децата (претежно меѓу наставниците кои држат настава на македонски јазик) и уверувањето дека тинејџерите не би требало да добиваат информации од сферата на сексуалноста (претежно меѓу наставниците кои држат настава на албански јазик). Застрашувањата кои потекнуваа од организирани групи по социјалните мрежи, како и отворени и индиректни социјални притисоци од авторитети во заедницата во врска со содржините и намерите на ССО, како свои лични уверувања ги прифатиле само малкумина од испитаниците. За останатите, овие активности придонеле за зголемување на резервираноста, но не и за тоа да ја прифатат оваа перспектива на целосно отфрлање на правата на децата да бидат информирани во сферата на сексуалноста низ образовниот систем.

Истражување за ставовите на наставниците за воведување на ССО во основното образование пред и по пилотирањето на програмата

www.hera.org.mk